Република Северна Македонија

Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Арх.бр.УП1-11/3-330/2022

Дата. 06-06-2024

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работата на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 110 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и 65/18), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## РЕШЕНИЕ

за поништување на решението бр.УП-11/3-330/2022

1. Решението бр.УП-11/3-330/2022 од 04.09.2023 година, **СЕ ПОНИШТУВА**.
2. Со влегување во сила на ова решение се запира постапката за одземање на измена на А-интегрирана еколошка дозвола за ДПГТУ КООП ИНЖИНЕРИНГ ДОО Куманово (2-две) асфалтни бази бр.УП1-11/2-330/2022 од 04.09.2023 година
3. Секторот за индустриско загадување и управување со ризик да изврши соодветна објава на решението.
4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина - Сектор за индустриско загадување и управување со ризик (првостепен орган) донел Решение бр.УП-11/2-330/2022 од 04.09.2023 година, за одземање на измена на А-интегрирана еколошка дозвола за ДПГТУ КООП ИНЖИНЕРИНГ ДОО Куманово (2-две) асфалтни бази УП1-11/2-330/2022 од 19.05.2022 година, согласно член 119 став (1) алинеа 3 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република северна Македонија"


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

бр.89/22 и 171/22). Незадоволно од вака донесеното решение, правното лице ДПГТУ КООП ИНЖИНЕРИНГ ДОО Куманово, преку полномошник адвокат Радован Чесмаџиски од Куманово, изјавило жалба по пошта на ден 06.10.2023 година, преку првостепениот орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, каде бил оформен предмет со бр.УП бр.0807-38 од 24.10.2023 година.
Жалителот ја поднел жалбата поради сушстествени повредби на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Жалителот во жалбата имал наведено дека првостепениот орган, погрешно ги применил одредбите од законот за општа управна·постапка, односно постапил по задолжението на Државниот инспекторат за животна средира, по што постапката од негова страна била запрена затоа што операторот не поднел соодветна документација во врска со информациите за парцелите каде што е изградена асфалтната база ALFELD AE 140 AT, првенствено доставените информации не кореспондирале со информациите дадени во барањето по основ на кое е издадена измената за А-интегрираната еколошка дозвола УП1-11/2-330/2022 од 19.05.2022 година, поконкретно за посочените парцели КП.16221, КП.16222, КП.1623, КП.16224, КП.16272/1, КП.162772/2, КП.16273/1, КП.16273/2, КП.16274/1, КП16274/2, КП.16275/1, КП.16275/2 и КП.16275/3 нема имотни листови, документи за право на користење или Договор за закуп на земјиште на име на операторот, за измената на А-ИЕД бр.11-330/3 од 19.05.2022 година. На барање на првостепениот орган, жалителот, правното лице ДПГТУ КООП ИНЖИНЕРИНГ ДОО Куманово ја доставил потребната документација со бараните информации на ден 21.05.2024. година.
Пред да се впушти во оцена на основаноста на жалбените наводи и законитоста на побиваното решение, Државната комисија ја разгледала поднесената жалба, при што утврдила дека истата е навремена, допуштена и изјавена од овластено лице.
Постапувајќи по жалбата, Државната комисија извршила увид во списите приложени кон предметот, во обжаленото решение, во самата жалба, како и од дадениот одговор на жалба, при што утврдила дека жалбата треба да се уважи и донесе Решение со бр.УП.бр.0807-38 од 22.04.2024 година за поништување на Решението со бр. УП1-11/2-330/2022 од 04.09.2023 година донесено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управата за животна средина - Сектор за индустриско


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

загадување и управување со ризик и враќање на предметот на повторно постапување и одлучување на првостепениот орган.

Имајќи го предвид погореобразложеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Каја Шукова

Изготвил/Përgaditi: Fatos Balliu
Контролирал/Kontrolloi: Nazim Aliti
Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk